Смрт на фашизмот — слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Понеделник, 25 Јуни 1956
Број 17 Година XII

Претплатата за 1956 год. изнесува 800 дин. Овој број чини 30 динари
Чековна сметка број 802-Т-698

124.

На основа член 95 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на НРМ и член 6 од Уредбата за основање на Фонд за социјални установи („Службен весник на НРМ" број 24/52 година), Советот за народно здравје и социјална заштита на НР Македонија, во согласност на Државниот секретар за работите на општата управа и буџетот, донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ УРЕДБАТА ЗА ОСНИВАЊЕ ФОНД ЗА СОЦИЈАЛНИ УСТАНОВИ

Член 1

Средствата на Фондот за социјални установи (во натамошниот текст Фонд) служат за подигнување, проширување и опремување на социјалните установи и за усовршување работата на истите.

**Средства на Фондот**

Член 2

Фондот за социјални установи ги има следните приходи:

1. износи од наплатени парични казни за прекршоци, освен оние што со одделни сојузни прописи се одредени во полза на сојузниот буџет;

2. пари добиени од продажба на предмети што се сопственост на сторителот на прекршокот;

3. прилози, помошти и подароци од општествени и задружни организации, стопански претпријатија и приватни лица;

4. други приходи предвидени со одделни прописи;

5. приходи од сопствен имот.

Член 3

Средствата на Фондот се прибираат на одделна сметка кај Народната банка на ФНРЈ — централа за НР Македонија.

**Намена на средствата**

Член 4

Средствата на Фондот служат:

1) за изградување на нови социјални установи и опрема на истите;

2) за проширување, адаптирање и доградување на постоеќите социјални установи, како и за дополнување со опрема и инвентар;

3) за набавка на училишен прибор, нагледни средства и средства за практични вежби, како и други потреби во врска со усовршувањето работата на социјалните установи;

4) за појачана прехрана на лицата сместени во социјалните установи;

5) за надополнување на облекло и чевли;

6) за придонес на детските јасли и детските градинки, за покривање на дел од расходите, освен инвестиционите и личните расходи за воспитниот и здравствениот персонал и тоа најмногу до 1.250 дин. месечно за секое пополнето место во овие установи. При доделувањето на придонесот ќе се применуваат одредбите од Решението за финансирањето на детските јасли и градинки („Службен лист на ФНРЈ" број 6/52 г.).

Член 5

Средствата за покривање на расходите од член 4 од овој правилник се даваат на социјалните установи предвидени во член 3 од Законот за социјалните установи („Службен весник на НРМ" број 40/55 година) во вид на дотација.

Средставата од Фондот може да се доделуваат и на народни одбори, општествени и стопански организации ако тие основаат социјални установи, како и на социјалните установи кои се основани од нив.

Член 6

При поднесувањето барање за доделување дотација, барателот е должен да поднесе претсметка во која ќе ја изложи точната намена на средствата што ги бара на име дотација, со потребна документација како доказ на оправданоста на барањето.

Од поднесеното барање треба јасно да се види:

— за кои цели ќе се употреби дотацијата;

— точна претсметка на износот на средствата што се бараат на име дотација;

— причини поради кои се бара дотацијата;

— податоци од кои со сигурност ќе се утврди оправданоста на барањето за дотација.

Член 7

Во решението на Советот за народно здравје и социјална заштита на НР Македонија за доделување на дотација се определува:

— корисникот;

— намената за која се дава дотацијата;

— износот на дотацијата;

— кај кого се чуваат документите за утрошокот на средствата доделени на име дотација.

Со решението се определува и срок во кој корисникот е должен да поднесе претсметка и извештај за утрошокот на добиените средства на име дотација.

Член 8

Корисниците на дотацијата се должни да водат посебна евиденција за добиените и утрошените средства спрема постоеќите прописи.

Член 9

Корисниците на дотацијата се должни во срокот што ќе им се определи со решението за доделување на дотација, да поднесат на Советот пресметка за употребата на средствата што ги примиле на име дотација и извештај за начинот на употребата на тие средства.

Член 10

Средствата доделени од Фондот за социјалните установи, народните одбори, општествените и стопанските организации, можат да ги употребуваат само за намената за која се доделени.

**Управување со Фондот**

Член 11

Со средствата на Фондот располага и со Фондот управува Советот за народно здравје и социјална заштита на НРМ.

Одлука за доделување средства од Фондот донесува Советот за народно здравје и социјална заштита на НР Македонија на седница.

Советот може да го овласти секретарот на Советот самостојно да донесува одлуки за доделување дотации спрема одредбите на член 4 од овој правилник со исклучение на точка 1 од истиот член.

**Финансово и материјално работење**

Член 12

Финансовото и материјалното работење на Фондот се обавува на основа претсметката на Фондот.

Пресметката на Фондот влегува како прилог кон Републичкиот буџет.

Член 13

Советот за народно здравје и социјална заштита на НРМ за Фондот ќе води одделна евиденција према постоеќите прописи за приливот на средствата според изворите на истите, а утрошокот на средствата по врсти односно намена.

Член 14

Наредбите за исплата од Фондот по донесените одлуки од Советот и донесените одлуки од секретарот на Советот, ги потпишува секретарот на Советот односно од него овластено лице.

Член 15

На ден 21 декември се заклучуваат уплатите и исплатите на Фондот и се составува завршна сметка за Фондот за односната година.

Неутрошените средства од Фондот на крајот на годината се пренесуваат во наредната година.

Член 16

Контрола над извршувањето на расходите од Фондот ќе врши органот определен со Основниот закон за буџетите.

Член 17

За финансиското и материјалното работење на фондот во се друго важат прописите од Уредбата за извршувањето на буџетот и сметководното работење на државните органи и установи, ако тоа не е инаку решено со овој правилник.

Член 18

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Број 2371
5 април 1956 година
Скопје

Претседател
на Советот за народно здравје
и социјална заштита,
**Др Вукашин Попадиќ,** с.р.

Согласен
Државен секретар
за работи на општата управа и буџетот,
**Блага Поповска,** с.р.

---

**125.**

На основа член 15 од Законот за рибарство и член 21 од Правилникот за извршување на Законот за рибарство, го донесувам следното

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ РИБОЛОВНИ РЕВИРИ И РИБНИ ПЛОДИШТА НА НЕКОИ РИБОЛОВНИ ВОДИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НР МАКЕДОНИЈА

Како заштитни риболовни ревири и рибни плодишта, погодни за мрестење и размножување на рибите се прогласуваат, со траење до крајот на календарската 1958 година следните риболовни води и делови од риболовни води:

1) Реките Мавровка, Леуновка и Никифоровка од изворите до устијата во Мавровското Езеро,

2) Штировичка Радика со сите притоки од изворите до село Ничпур,

3) Тресонечка Река од изворот до составот со Гарска Река,

4) Реката Шум од изворот до устиетo во Црни Дрим,

5) Реката Рашче од изворот до устието во Вардар,

6) Реката Топлец од изворот до устието во Дојранското Езеро.

Во заштитните риболовни ревири и рибни плодишта е забранет секаков риболов, во секое време и со секаков риболовен алат.

По исклучение во заштитните риболовни ревири и рибни плодишта може да се дозволи риболов на лица кои вршат вештачко мрестење на рибите, порибување на води и научно испитување на рибарството.

Освен гореспоменатите води, народните одбори можат некои води од територијата на околијата, по укажана потреба а во согласност со републичкиот орган надлежен за земјоделство да ги прогласат за заштитни ревири за определено време.

Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 797
25 мај 1956 година
Скопје

Го заменува директорот
на Управата за земјоделство на НРМ,
**Инж. Бл. Цутески,** с. р.

**126.**

На основа член 5 од Законот за сузбивање и уништување на плевелите („Службен весник на НРМ" бр. 40/55), Управата за земјоделство на Народна Република Македонија донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОДРЕДУВАЊЕ КОИ КУЛТУРИ МОЖАТ ДА СЕ СЕАТ НЕПРОЧИСТЕНИ ОД ПЛЕВЕЛНИ СЕМИЊА**

I

Култури кои можат да се сеат непрочистени — нетриерирани од плевелни семиња се:

Пченка, сите индустриски култури освен ленот и сите градинарски култури вклучително и компирот.

II

Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 867
6 јуни 1956 година
Скопје

Го заменува директорот
на Управата за земјоделство,
**Инж. агр. Б. Цутевски,** с. р.

# Огласен дел

## ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решение бр. 7688 од 18-V-1956 год., ја одобри промената на фамилијарното име на Филиповска Гроздана, родена на ден 17-IV-1935 год. во село Галичник, Тетовска околија, од татко Филиповски Ѓорѓи и мајка Милена, така да во иднина фамилијарното име ќе и' гласи **Василевска.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ", согласно член 21 став 2 од Законот за личните имиња. (51)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решение бр. 6583 од 3-III-1956 год., ја одобри промената на роденото име на Глигорова Драга, родена на ден 6-V-1927 год. во град Кратово, од родители: татко Глигоров Јован и мајка Слободанка, со пребивалиште во град Скопје, така да во иднина роденото име ќе и' гласи **Нада.**

Согласно член 21 став 2 од Законот за личните имиња оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (46)

# СУДСКИ ОГЛАСИ

## ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Велиева Реџеп Ациле, по маж Шабанова Бекирова, од с. Кременица — Битолско, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Шабан Мифтар, од с. Кременица, сега во Турција со непозната адреса. Бидејќи тужениот Шабан се наоѓа во Турција со непозната адреса се поканува во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ", да се јави или одреди свој застапник. Во противно судот по званична должност ќе му го одреди за застапник Димитар Поп Димитров, адвокат од Битола, кој ќе го застапува на негови разноски.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 598/53.

Андонова Лазова Лена, од с. Доленци, Битолска околија, подаде тужба за развод на бракот против Андоновски Лазо, од Титов Велес, ул. „Кочо Рацин" бр. 29, сега во неизвесност. Бидејќи местожителството и адресата на тужениот се непознати се повикува во срок од еден месец од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ",

да се јави или одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден старател кој ќе го застапува на денот на расправата.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 285/54. (53)

## ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Мемед Сулиманов Мемедов, земјоделец од с. Орманли, поднесе до овој суд тужба за бракоразвод против Асибе Рушидова, по татко Амедалиова, од с. Мемешли, Струмичко, сега со непознато местожителство.

Како местожителството и сегашната адреса на тужената се непознати се повикува во срок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ" да се јави или одреди свој застапник. Во противно судот по службена должност ќе и' го одреди за застапник адвокатот Димитар Хаџи Глигоров и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Ор Окружниот суд во Штип, Г. бр. 187/56. (47)

Ајша Демирова Алиова, од с. Орманли — Струмичко, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против мажот си Демирали Мемедов, од с. Дорломбос, сега со непознато местожителство.

Како местожителството и сегашната адреса на тужениот се непознати, се повикува во срок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ" да се јави или одреди свој застапник. Во противно судот по службена должност ќе му го одреди за застапник Александар Денков, судија при Околискиот суд — Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, Г. бр. 140/56. (48)

## ОКРУЖЕН СУД ВО ОХРИД

Зенјеп Алит Зенделовска, од с. Лабуниште, подаде тужба за развод на бракот против Алит Шабанов Зенделовски, од с. Лабуништа, сега во неизвесност. Бидејќи местожителството и адресата на тужениот се непознати, се повикува во срок од еден месец од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ", да се јави и одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден старател кој ќе го застапува на денот на расправата.

Од Окружниот суд во Охрид, Г. бр. 385/56. (54)

## ОКОЛИСКИ СУД ВО БИТОЛА

При овој суд е покрената постапка за прогласување умрена Емине Абдураманова, родена Јојова, од Битола, која през време на војната 1941 год. избегала во Албанија и од тогаш не се јавила.

Се поканува секој оној што нешто знае за именованата Емине да јави на овој суд во срок од 2 месеци сметано од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ". Во противно судот ќе ја прогласи за умрена.

Од Окружниот суд во Битола, бр. 734/56. (50)

# РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 16-IX-1955 год. под рег. бр. 28, на страна 75 е запишана под фирма: Рибарско производителна задруга „Дојранско Езеро" с. Нови Дојран — Гевгелија — Продавница, со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на продавницата е: продавање на риба, свежа и солена, сите видови нивно производство како и за дополнение на асортиманот од производството на други врсти од други ловишта и тоа од Апатин и Охрид.

Продавницата е основана од Управниот одбор на Рибарско производителната задруга „Дојранско Езеро" — Нови Дојран со записник од 25-VII-1955 год., а одобрено од НО на град Скопје со решение бр. 6905 од 31-VIII-1955 год.

Раководител на продавницата е Кирил Тодоров

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1216/55. (788)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11-I-1956 год. под рег. бр. 437, на страна 1196 е запишано следното: Претпријатие за производство на вар, „Рудина", с. Бразда — Скопско. Предмет на послувањето на претпријатието е: производство на гасена и негасена вар.

Претпријатието е основано со решението на НО на Општината „Бутељ" бр. 1896 од 27-XII-1955 год. Истото ќе го потпишува директорот Гачевски Анастас.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1414/56. (57)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 4-I-1956 год. под рег. бр. 259, на страна 737 е запишано претпријатието под фирма: Претпријатие за производство на вар „Бела вар", со седиште во Нови Дојран — Гевгелија. Предмет на послувањето на претпријатието е: производство на вар.

Претпријатието е основано со решението на НО на Општината — Нови Дојран, бр. 900 од 23-XI-1955 год. Истото ќе го потпишуваат директорот Кирил Минчев и книговодителот Илија Кочев.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1399/56. (76)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27-I-1956 год. под рег. бр. 1, е запишана задругата под назив: Општа земјоделска задруга „Сандуш Салавски", со седиште во с. Стар Истевник — Делчево. Предмет на послувањето на задругата е: откуп, преработка на земјоделски производи, жива стока и манипулација со истата, унапредување на сточарството, набавка на расен и приплоден добиток, а по можност припусна станица, откуп на лековити билки, снабдување на членството со инду-

стриски стоки, алати, машини, и препарати за унапредување на земјоделството.

Задругата е основана согласно одобрението на НО на Општината Делчево, бр. 2072 од 1-XI-1955 год. Истата ќе ја потпишува претседателот Раде Љубомиров Зарчев.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 3/56. (168)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-II-1956 год. под рег. бр. 1, на страна 128 е запишано претпријатието под фирма: Мешовито трговско претпријатие на мало „Злетовица", со седиште во с. Злетово. Предмет на послувањето на претпријатието е: купопродажба на индустриски, прехранбени земјоделски производи во внатрешен промет.

Претпријатието е основано со решението на НО на Пробиштипска општина, бр. 201 од 12-I-1956 год. Истото ќе го потпишуваат директорот Благој Тодоров и книговодителот Томчо Косов Димитров.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 46I56. (173)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IX-1955 год. под рег. бр. 3, на страна 49 е запишана под фирма: Продавница на ОЗЗ „Единство", со седиште во Пехчево. Предмет на послувањето на продавницата е: продажба на жита и мелнички преработки, животни прехрани и предмети за куќни потреби, преработки од тутун, кибрит и книги за цигари.

Продавницата е основана со решението на НО на Малешевска околија, бр. 326 од 22-I-1954 год.

Раководител на продавницата е Косте Гиневски.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 281/55. (182)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 22-IX-1955 год. под рег. бр. 1, на страна 49 е запишана задругата под назив: Општа земјоделска задруга „Единство", со седиште во Пехчево. Предмет на послувањето на задругата е: откуп на земјоделски производи, преработка на истите, снабдување членството со артикли од широка потрошувачка, преработка на млечни производи, откуп на стока, овци, говеда, свињи, јаболки, сливи, круши, грозје и компири.

Задругата ќе ја потпишуваат претседателот Владимир Везенков и книговодителот Михаил Тренчовски.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр 231/55. (183)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-XII-1955 год. под рег. бр. 1, на страна 205 е запишано претпријатието под фирма: Занаетчиско влачарско претпријатие „Мерино", со седиште во Струмица, Предмет на послувањето на претпријатието е: влачење на волна и памук, егренирање на памук, влачење на партали и ткаење на грубо селско платно.

Претпријатието е основано со решението на НО на Општината — Струмица, бр. 4916 од 1-XII-1955 год. Истото ќе го потпишува директорот Костадин Методиев Петров.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 350/55. (185)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 1-II-1956 год. под рег. бр. 1, на страна 210 е запишано претпријатието под фирма: Занаетчиско претпријатие за продажба на месо и месни производи „Месар", со седиште во Струмица. Предмет на послувањето на претпријатието е: откупување на стока за свои потреби, клање, продажба и преработка.

Претпријатието е основано со решението на НО на Општината — Струмица, бр. 637 од 14-I-1956 год. Истото ќе го потпишува директорот Светозар Костуранов.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 20/55. (187)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 1-II-1956 год. под рег. бр. 1, на страна 25 е запишана задругата под назив: Општа земјоделска задруга „Палазлија", со седиште во с. Петралинци — Штипско. Предмет на послувањето на задругата е: се занимава со земјоделие, механизација во земјоделието, откуп, преработка и продажба на селско стопански производи, трговија и угостителство.

Задругата е основана согласно одобрението на НО на Општината — Босилово, бр. 111 од 11-I-1956 год. Истата ќе ја потпишува претседателот Узунов Илија.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 19/56. (200)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 6-VI-1956 год. под рег. бр. 159, на страна 417 е запишан под фирма: Трговски дуќан „Центар", со седиште во Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со деликатесни производи врз база на шеќер и кафе, алкохолни и безалкохолни пијалоци, млечни производи, бисквити, риби и преработки од риби, тутунски преработки и кибрит, бои и хемикалии.

Дуќанот е основан со решението на НО на Гостиварска околија, бр. 4837 од 2-X-1953 год. Истиот ќе го потпишуваат раководителот Ѓоко Паковски и продавачот Тоде Кузмановски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1007/55. (213)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 22-VIII-1955 год. под рег. бр. 166, на страна 465 е запишано претпријатието под фирма: Занаетчиско претпријатие „Дренак", со седиште во Крива Па-

ланка. Предмет на послувањето на претпријатието е: изработка на тули и керамиди, столарија граѓевински намештај и уметничка столарија. Покрај тоа се занимава со изработка на леб и бели печива како и сода вода.

Претпријатието е основано со решението на НО на Кривопаланечка околија бр. 5907 од 8-VIII-1955 год. Истото ќе го потпишува директорот Векослав Милановски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1167/55. (251)

ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТАРОТ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 21-I-1955 год., под рег. бр. 270, на страна 701 е запишано следното: покрај досегашните потписници на Трговскиот дуќан за индустриски стоки „Базар“ — Скопје, се овластува и Михајловски Ристо, книговодител, кој дуќанот ќе го потпишува сметано од 21-I-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 611/55. (9)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 5-XII-1955 год., под рег. бр. 218, на страна 585 е запишано следното: Велко Велков, досегашен директор на претпријатието за аутотранспорт и шпедиција — Титов Велес, е разрешен од должност од 5-XII-1955 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место се назначени следните лица Јордан Хаџитонев, директор, и Панче Органџиев, книговодител, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 5-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1342/55.

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 24-XII-1954 год., под рег. бр. 218, на страна 585 е запишано следното: Тошо Мирчев, досегашен директор на Претпријатието за ауто-транспорт и шпедиција — Титов Велес, е разрешен од должност од 24-XII-1954 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

Новоназначениот директор Велко Велков е овластен претпријатието да го потпишува сметано од 24-XII-1954 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 790/54. (11)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29-XII-1955 год. под рег. бр. 51, на страна 113 е запишано следното: Хаџи Коруми, досегашен директор на Мешовитото трговско претпријатие на мало и големо „8 септември“ — Дебар, е разрешен од должност од 29-XII-1955 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место се назначени следните лица Ферат Пашоли, директор, Али Реџа, книговодител и Живко Панчевски, комерцијалист, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 29-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1394/55. (14)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29-XII-1955 год. под рег. бр. 149, на страна 385 е запишано следното: покрај директорот на Мешовитото трговско претпријатие на мало и големо „Колонијал“ — Дебар, Најдо Ристовски претпријатието ќе го потпишуваат и Џеват Гиче, книговодител, и Аџи Коруми, комерцијалист, сметано од 29-XII-1955 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1391/55. (15)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-XII-1955 год. под рег. бр. 5, на страна 13 е запишано следното: Благој Димитриевски, член на задругата, досегашен потписник на Молеро-фарбарската задруга „Доско Молер“ — Куманово, е разрешен од должност од 10-XII-1955 год. од која дата му престанува правото задругата да ја потпишува.

За потписник на задругата е назначен Стоил Миленковски, книговодител, кој задругата ќе ја потпишува сметано од 10-XII-1955 год.

Следователно задругата ќе ја потпишуваат Киро Стојковски, директор и Стоил Миленковски, книговодител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр 1361/55. (16)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25-III-1955 год. под рег. бр. 203, на страна 543 е запишано следното: досегашните потписници на производителното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „Винар“ — Титов Велес, Димко Чејков, директор, и Митко Матев, книговодител, се разрешени од должност од 25-III-1955 год. од која дата им престанува правото претпријатието да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Каме Вишинов, директор и Велим Спасовски, книговодител, кој претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 25-III-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 779/55. (21)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-II-1955 год., под рег. бр. 279, на страна 721 е запишано следното: Петар Адамовски, досегашен потписник на Дуќанот за индустриски стоки „Громби“ — Скопје, е разрешен од должност од 26-II-1955 год. од која дата му престанува правото дуќанот да го потпишува.

Новоназначениот потписник Миневски Крсто, книговодител, е овластен дуќанот да го потпишува сметано од 26-II-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 637/55. (31)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-XII-1954 год. под рег. бр. 188, на страна 459 е запишано следното: Мито Динев досегашен директор на Земјоделското сточарско претпријатие „Јосиф Јосифовски" — Гевгелија, е разрешен од должност од 30-XII-1954 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место односно за директор на претпријатието е назначен Ристо Цалев, кој претпријатието ќе го потпишува сметано од 30-XII-1954 год. Претпријатието и понатаму ќе го премопотпишува книговодителот Петар Димитров.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 586/54. (38)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-XII-1955 год. под рег. бр. 433, на страна 1180 е запишано следното: досегашните потписници на Столарската задруга „Вардар" — Ѓорче Петров, Драган Георгиевски, раководител, и Ѓоко Спировски, книговодител, се разрешени од должност од 8-XII-1955 год. од која дата им престанува правото задругата да ја потпишуваат.

Новоназначените потписници раководителот Александар Радиќ и работникот Несторовски Ѓоре се овластени задругата да ја потпишуваат сметано од 8-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1346/55. (40)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11-XII-1955 год. под рег. бр. 111, на страна 279 е запишано следното: на основа решението на НО на Општината Дебар, бр. 3668 од 10-XII-1955 год. дејноста на Угостителскиот дуќан „Македонија" — Дебар, се проширува и со вршење угостителски услуги и вон работното место на дуќанот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1367/55. (41)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 24-XI-1955 год. под рег. бр. 258, на страна 733 е запишано следното: досегашните потписници на Земјоделското стопанство „Пепелишко Поле", с. Пепелиште, Ристо Ѓоревски, директор и Ване Мирков, благајник се разрешени од должност од 24-XI-1955 год. од која дата им престанува правото стопанството да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Благој Весов, директор, и Трајче Бошков, секретар, кој претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 24-XI-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1332/55. (42)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19-V-1955 год. под рег. бр. 248, на страна 697 е запишано следното: досегашните потписници на Градежното претпријатие „Кожуф" — Кавадарци, Тасо Митков, директор и Лазо Шахпазов, книговодител се разрешени од должност и им престанува правото да го потпишуваат претпријатието.

На нивни места се назначени следните лица: Илија Мукаетов, директор, и Никола Падиков, книговодител, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 19-V-1955 год.

Дејноста на претпријатието се менува и гласи: а) основна дејност: самостојно обавување на градежна дејност, д) споредна дејност: производство на цигли, транспортна дејност и столарска дејност, а согласно решението на НО на Тиквешка околија, бр. 209 од 24-I-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 972/55. (43)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 4-XI-1955 год. под рег. бр. 248, на страна 697 е запишано следното: досегашните потписници на Градежното претпријатие „Кожуф" — Кавадарци, Илија Мукаетов, директор и Никола Падиков, книговодител, се разрешени од должност од 4-XI-1955 год. од која дата им престанува правото претпријатието да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Тодор Чулев, директор, Магда Ефремова, книговодител, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 4-XI-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1300/55. (44)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 9-I-1956 год. под рег. бр. 173, на страна 453 е запишано следното: Иван Станински, досегашен директор на Земјоделското стопанство „Ило Виларов" — Неготино, е разрешен од должност од 9-I-1956 год. од која дата му престанува правото стопанството да го потпишува.

На негово место односно за в. директор на стопанството е назначен Димитар Толов, кој стопанството ќе го потпишува сметано од 9-I-1956 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1406/56. (45)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-XII-1955 год. под рег. бр. 245, на страна 687 е запишано следното: Трајко Панов, досегашен директор на Претпријатието за обработка на тутун-Неготино, е разрешен од должност од 8-XII-1955 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место се назначени следните лица: Тодор Апостолов, директор, и Диме Димев, шеф на сметководството, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 8-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1345/55. (47)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27-XII-1955 год. под рег. бр. 220, на страна 593 е запишано следното: досегашните потписници на Производното слаткарско-бонбониерско претпријатие „Јагода" — Титов Велес, Тошо Тасков, директор и Ангел Копанданов, книговодител, се разрешени од должност од 27-XII-1955 год. од која дата им престанува правото претпријатието да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Митрев Димитар, директор и Зврцинов Димче, книговодител, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 27-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1387/55. (49)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-V-1955 год. под рег. бр. 186, на страна 491 е запишано следното: Јордан Цаков, досегашен директор на Фабриката за керамични цеви „Вила Зора" — Титов Велес, е разрешен од должност од 10 мај 1955 год. од која дата му престанува правото фабриката да ја потпишува.

На негово место се назначени следните лица: Мокров Лазо, директор, и Цековски Ацо, технички раководител, кои фабриката ќе ја потпишуваат сметано од 10 мај 1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 753/55. (50)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11-XII-1954 год. под рег. бр. 233, на страна 637 е запишано следното: Методија Демниевски, досегашен директор на Претпријатието за метални производи „Браќа Кошулчеви" — Титов Велес, е разрешен од должност од 11-XII-1954 год., од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место се назначени следните лица: Митевски Ангел, директор, Јакимовски Трајко, зам. директор, и Јордан Смилев, книговодител, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 11-XII-1954 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 783/54. (51)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 21-XII-1955 год. под рег. бр. 145, на страна 377 е запишано следното: досегашните потписници на Трговскиот дуќан „Прогрес" — Титов Велес, Попкочев Трајко, раководител, и Шопов Киро, магазионер, се разрешени од должност од 21-XII-1955 год. од која дата им престанува правото дуќанот да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Лила Софијанов, раководител, Ставро Анастасов, продавач и Трајко Попкочов, продавач, кои дуќанот ќе го потпишуваат сметано од 21-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1379/55. (52)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 22-VIII-1955 год. под рег. бр. 228, на страна 619 е запишано следното: Ордан Ковачев, досегашен раководител на Дрводелската машинска работилница „Богдан Каракостов" — Титов Велес, е разрешен од должност од 22-VIII-1955 год. од која дата му престанува правото работилницата да ја потпишува.

На негово место се назначени следните лица: Трајко Павлов, директор и Панче Барбутов, книговодител, кои работилницата ќе ја потпишуваат сметано од 22-VIII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 780/55. (53)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-VII-1955 год. под рег. бр. 254, на страна 719 е запишано следното: Киро Брлев, досегашен директор на Производното претпријатие „Тополка" — Титов Велес, е разрешен од должност од 8-VII-1955 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

Новоназначениот директор Чукниев Трајчо, е овластен претпријатието да го потпишува сметано од 8-VII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1087/55. (54)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 21-III-1955 год. под рег. бр. 36, на страна 89 е запишано следното: Илиев Ангел, магазионер, досегашен потписник на Трговскиот дуќан „Челик" — Титов Велес, е разрешен од должност од 21-III-1955 год. од која дата му престанува правото дуќанот да го потпишува.

За потписник на дуќанот е назначен Јордан Попов, за раководител, кој дуќанот ќе го потпишува сметано од 21-III-1955 год.

Следователно дуќанот ќе го потпишуваат Јордан Попов, раководител и Панче Ковачев.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 851/55. (55)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 3-XII-1955 год. под рег. бр. 160, на страна 417 е запишано следното: Стеван Малиновски, досегашен директор на Фабриката за масло „Велес" — Титов Велес, е разрешен од должност од 3-XII-1955 год. од која дата му престанува правото фабриката да ја потпишува.

Новоназначениот директор Методи Демниевски е овластен фабриката да ја потпишува сметано од 3-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1364/55. (56)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27-XII-1954 год. под рег. бр. 352, на страна 933 е запишано следното: на досегашниот потписник на Трговскиот дуќан за индустриски стоки „Ангора" — Скопје, Нада Питижамова и' престанува правото дуќанот да го потпишува сметано од 27-XII-1954 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје Фи бр. 557/54. (60)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-XII-1955 год. под рег. бр. 69, на страна 199 е запишано следното: досегашните потписници на Трговското претпријатие за огревни и градежни материјали и градежна железарија на големо и мало „Огрев" — Скопје, Киро Трајковски, в. директор и Марика Котева, пом. книговодител, се разрешени од должност од 28-XII-1955 год. од која дата им престанува правото претпријатието да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Ацо Силјановски, директор, Михајло Клинчев, шеф на сметководството кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 28-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1392/55. (61)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 9-XII-1955 год. под рег. бр. 139, на страна 377 е запишано следното: досегашните потписници на Новинското издавачко претпријатие „Народна задруга" — Скопје, Јордан Тасевски, претседател на Управниот одбор и Поп Георгиев Георги, книговодител, се разрешени од должност од 9-XII-1955 год. од која дата им престанува правото претпријатието да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Илија Димовски, шеф на книговодството и Сретен Михајловски, комерцијалист, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 9-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1359/55. (62)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-XII-1955 год. под рег. бр. 56, на страна 163 е запишано следното: Божидар Черепналковски, досегашен директор на Бирото за книговодствени услуги — Скопје, е разрешен од должност од 10 декември 1955 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место се назначени следните лица: Софре Огнановски, в. директор и Ристо Тоневски, секретар, кои претпријатието ќе го потпишуваат сметано од 10-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1362/55. (63)

---

